Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/02), член 6 точка 3 алинеја 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Сл.весник на РМ број 54/07) и член 15 став 1точка 4 од Статутот на Општина Ресен (Сл.гласник на Општина Ресен број 4/02) а по претходно добиена согласност од Министерството за внатрешни работи - Полициска станица Ресен, Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 02.11.2009 година донесе

**О Д Л У К А**

**за измени и дополнување на Одлуката за определување на еднонасочен сообраќај и користење на сообраќајна лента за паркирање на патнички моторни возила**

**Член 1**

Во член 1 од Одлуката за определување на еднонасочен сообраќај и користење на сообраќајна лента за паркирање на патнички моторни возила (,,Службен гласник на Општина Ресен,, бр.7/09) по запирката се додаваат зборовите „ времето на важење,,.

**Член2**

Во членот 2 по ставот еден се додава нов став два кој гласи: „Еднонасочниот сообраќај по улиците од став еден на оваа Одлука ќе се одвива во периодот од 01.06 до 31.08 во тековната година,,

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Ресен,,

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**

Бр. 07-2927/9
02.11.2009 год.
Ресен

Претседател
Мемет Мурати